**20192383721**

# ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 61, став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА ИСОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧИНОКОТ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваформата исодржината на извештајот за оценување на учинокот на инспекторите (во натамошниот текст: „Извештај“).

Член 2

(1) Извештајот се изработува во електронска и печатена верзија, на хартија во бела боја, во А4 формат.

(2) Формата и содржината на насловната и останатите страници на извештајот се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на започнување на примена на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот за годишна оцена за успешност на инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19).

| | |
|---|---|
| Бр.01-932 | Инспекциски совет |
| 7 ноември 2019 година | Претседател, |
| Скопје | м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р. |

Прилог
Образецна насловната страницаи останатите страници
од Извештајот за оценување на учинокот на инспекторите

Грб/Лого

Влада на Република Северна Македонија
[НАЗИВ НА МИНИСТЕРСТВО/САМОСТОЕН ОРГАН НА УПРАВА]
[НАЗИВ НА ИНСПЕКТОРАТ /ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА]

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧИНОКОТ НА ИНСПЕКТОРИТЕ ВО [НАЗИВ НА ИНСПЕКТОРАТ/ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА] ЗА [ГГГГ] ГОДИНА

Дел. Бр. ____________________ ______________________________
[име и презиме]

Датум: ____________________ ______________________________
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Место: ____________________ (м.п.) ______________________________
[потпис]

Прилог
Образецна насловната страницаи останатите страници
од Извештајот за оценување на учинокот на инспекторите

## Резиме

[Резимето содржи кус приказ (најмногу една страница), на сите поглавја од Извештајот, со приказ на главните наоди од квалитативната и квантитативната анализа.]

## Квалитативна анализа

[Квалитативната анализа содржи информации и квалитативни оцени на процесот на оценување, анализа на идентификуваните слабости во реализацијата, предлози за подобрување на работата, теми за стручно усовршување и обука итн.]

## Квантитативна анализа

[Квантитативната анализа содржи информации и податоци за бодовите по одделни критериуми за успешност, вкупните оценки на инспекторите итн. кои можат да бидат претставени и во табеларна и графичка форма.]

## Заклучоци и препораки

[Во овој дел се презентираат научените лекции, како и евентуалните заклучоци и препораки за подобрување на системот за оценување на инспекторите.]